Република Македонија
Универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
Економски факултет
Бр. 1701-233/1
30 - 8 - 2013 год.
ШТИП

Број ____________
.2013 година
Штип

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП
Бр. 08-5105/4
29.08.2013 год.
ШТИП

Број ____________
.2013 година
Штип

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
## помеѓу
## ОПШТИНА ШТИП и
## ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ШТИП

### Член 1
### Страни на Меморандумот за соработка

- **Економски факултет – Штип (во понатамошниот текст „факултет“) со седиште на ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А, 2000 Штип, преставуван од страна на деканот, Проф. д-р Ристо Фотов**

  **и**

- **Општина Штип (во понатамошниот текст „општина“) со седиште на ул. Васил Главинов 4Б, 2000 Штип, преставувана од Градоначалникот Прим. м-р Илчо Захариев**

### Член 2
### Намена на меморандумот за соработка

- Потврдувајќи го заедничкиот интерес и определба на Општина Штип и Економски факултет – Штип за инвестирање во модерно образование и создавање услови за континуирано зголемување, промена, и освежување на

квалитетот на вештините на младите, подобрување на економската клима и создавање услови за понатамошен развој на постоечките бизниси, како и промоција на претприемништвото како остварлива платформа за економски раст и просперитет, двете страни го склучуваат овој Меморандум за соработка.

- Општина Штип и Економски факултет Штип взаемно се согласни за потпишување на Меморандумот за соработка и со тоа доброволно стапуваат во партнерство.

## Член 3

Заедничката соработка меѓу Општина Штип и Економски факултет Штип, опфатена со овој Меморандум за соработка подразбира реализација на Проект за бесплатни обуки за теоретски и практични знаења и вештини на претприемачи од областа на финансиите, менаџментот и маркетингот.

## Член 4
## Област на заедничко дејствување

Соработката на општината со факултетот е насочена (но не и ограничена) во следните области:

- Зголемување на конкурентноста на локалната заедница преку образование на претприемачите од областите на финасиите, менаџментот и маркетингот;
- Изготвување на водич за претприемачите од посочените области;
- Поставување на основите на бизнис инкубатор во Општина Штип;
- Поставување на основите на консултантска канцеларија за претприемачи во Општина Штип.
- Поддршка во изнаоѓање на потенцијални партнери и градење на цврсти партнерски односи;

- **Зацврстување и подобрување на меѓународните врски и размена на информации, како и подршка и развивање на демократските принципи во формите на локалното управување и интегрирање;**
- **Подршка во развојот на економијата и соработката со потенцијални инвеститори;**
- **Меѓународна соработка со поттик и поткрепа за поуспешно пребродување на процесот на трансформација и чекорење кон ЕУ;**
- **Вистинска меѓународна промоција која сигурно долгорочно ќе започне да дава позитивни резултати.**

**Член 5**

**Принципи на соработка**

**Соработката меѓу општината и факултетот за реализирање на овој Меморандум за соработка ќе биде врз базата на транспарентност, принципи на разбирање и отворен дијалог.**

**Член 6**

**Авторизирани лица и контакт лица**

- **Со цел реализација на овој Меморандум, како и соработка помеѓу факултетот и општината, Економски факултет Штип ги назначува д-р Љупчо Давчев и м-р Тамара Јованов Марјанова, како одговорни лица - едукатори.**
- **Со цел реализација на овој Меморандум, како и соработка помеѓу факултетот и општината, Општина Штип ја назначува Билјана Тунева, соработник во ЛЕР, како одговорно лице – координатор.**

**Член 7**

**Склучување на други документи и акти за соработка**

**Во зависност од потребите за реализација на предвидените заеднички активности и иницијативи во иднина, факултетот и општината ќе склучат Анекс на меморандумот или одделни документи и акти (договори, изјави, писма за поддршка и др.) кои ќе бидат во согласност со овој Меморандум за соработка и за продолжување на добрата соработка во иднина.**

**Член 8**

**Информации**

- **Договорените страни го превземаат следново:**

- ➢ **Да вршат постојана размена на информации кои се во склад со заедничката соработка;**
- ➢ **Промовирање на заедничките активности и информации поврзани со намената на овој меморандум;**
- **Договорените страни имаат право да ги известат заинтересираните страни како и јавноста за овој Меморандум за соработка.**

**Член 9**

**Одложување на овој Меморандум за соработка**

- **Двете страни го задржуваат правото, по консултирањето со другата страна да го одложат овој Меморандум за соработка целосно или во било кој негов дел, во случај да:**
- ➢ **Било која од страните согледа дека другата страна не исполнила било кои важни делови од Меморандумот;**

- ➢ Соработката не е на очекуваното ниво и не придонесува кон намената на Меморандумот;
- ➢ Било кои заеднички активности превземени со овој Меморандум за соработка не се целосно исполнети.
- Со одложувањето ќе бидат писмено наведени моментот, причините за тоа и случаите кои постојат.

**Член 10**

**Стапување во сила на документот и промени**

- Овој Меморандум за соработка станува ефективен од моментот на неговото потпишување и останува со важност на неопределено време;
- Измените и дополнувањата на овој документ се можни со договор на двете одговорни лица и писмено.

**Склучен на 29.08. 2013 година., во четири примероци.**

| | |
|---|---|
| **Економски факултет Штип** | **Општина Штип** |
| **Декан** | **Градоначалник** |
| **Проф. д-р Ристо Фотов** | **Прим. м-р Илчо Захариев** |

**ПРИЛОЗИ:**

**Прилог А:** **Обврски на Општина Штип**

**Прилог Б:** **Услуги на Економски факултет Штип**

## ПРИЛОГ А: ОБВРСКИ НА ОПШТИНА ШТИП

Во согласност со склучениот меморандум за соработка, Општина Штип се обврзува да ги обезбеди следните активности во текот на процесот на реализација на Проект за бесплатни обуки за теоретски и практични знаења и вештини на претприемачи од областа на финансиите, менаџментот и маркетингот:

а) Да обезбеди логистичка поддршка (простор, опрема, печатени материјали) за спроведување на проектот;

б) Да ги обезбеди навремено сите потребни податоци и информации побарани од тимот за обука на Економски факултет Штип;

в) Да овозможи јавен и транспарентен пристап на сите потенцијални учесници и други заинтересирани страни во имплементација на проектот;

г) По потреба, Општината ќе обезбеди друга неопходна поддршка поврзана со активностите;

д) Јавно да го презентира целиот процес на реализација на проектот, преку поставување на општинската веб страна и други соодветни методи за информирање на јавноста

## ПРИЛОГ Б: УСЛУГИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ШТИП

Во согласност со склучениот меморандум за соработка Економски факултет се обврзува да и помогне на Општина Штип во текот на процесот на реализација на Проектот за бесплатни обуки за теоретски и практични знаења и вештини на претприемачи од областа на финансиите, менаџментот и маркетингот преку вклучување на високо образовани кадри и докажани претприемачи во своите области на делување.

Соодветно, Економски факултет Штип ќе ги обезбеди следните активности:

а) Двајца едукатори (д-р Љупчо Давчев и м-р Тамара Јованов Марјанова) кои ќе бидат ослободени од работни обврски еден ден (петок) во текот на работната недела во период од два месеци (Октомври – Ноември 2013) за спроведување на обуките во просториите на Општина Штип;

б) Спроведување на обуки за едуцирање на сегашни и идни претприемачи од областа на финасиите¸ менаџментот и презентирање на техники и развој на вештини од областа на маркетингот;

в) Проверка на знаењето на претприемачите пред и по завршување на обуките од трите области;

г) Редовна комуникација помеѓу сите инволвирани странки: Општина Штип, Економски факултет, претприемачи и учесници;

д) Да го подготви и презентира материјалот потребен за печатење на прирачник за претприемачи кој ќе им служи на учесниците кои ја завршиле обуката како понатамошен водич за нивните деловни активности и стратегиско планирање за настап на пазарот;

**ОПШТИНА ШТИП**

*- Градоначалник на Општина Штип -*

*Бр.*
*08-1801/1*
*16.09.2031*

# ОГЛАС
## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТОТ „БЕСПЛАТНИ ОБУКИ ЗА ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ НА ПРЕТПРИЕМАЧИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ, МЕНАЏМЕНТОТ И МАРКЕТИНГОТ“ ОРГАНИЗИРАН ОД ОПШТИНА ШТИП И ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ШТИП

**1.Услови за учество на обуката**

- **Кандидатите треба да бидат на возраст од 18 – 40 години;**
- **Кандидатите треба да имаат завршено најмалку средно образование;**
- **Кандидатите треба да познаваат најмалку еден странски јазик;**
- **Кандидатите да имаат претприемачки дух, желба за надградување и мотив за стекнување на нови вештини;**

**2. Начин на пријавување и рок на пријавување**

**Секој заинтересиран кандидат за да се пријави за учество на обуката потребно е да испрати CV на меил: biljana.tuneva@stip.gov.mk .**
**Податоците треба да се доставаат најдоцна до 27.09.2013 година (петок) до 16:30 часот.**

**Обуките ќе се оддржуваат еднаш неделно (секој петок) во периодот 04.10.2013 – 29.11.2013 година.**

**3.Селекција на избрани кандидати**

**Кандидатите кои ќе бидат избрани за учество на обуката за претприемачи ќе бидат известени во рок 3 дена од извршениот избор.**

**Штип,**
**16.09.2013**

**ОПШТИНА ШТИП**

# ПРОЕКТ ЗА БЕСПЛАТНИ ОБУКИ ЗА ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ НА ПРЕТПРИЕМАЧИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ, МЕНАЏМЕНТОТ И МАРКЕТИНГОТ

## 1. ПОТРЕБА И ЗНАЧЕЊЕ

Потребата од обуки од областа на маркетингот, менаџментот и финансиите произлегува од две економски паралели:

1. Од една страна - причините за неуспех на малите претпријатија на пазарот, помеѓу кои неминовно се вбројуваат ***причини поврзани со стратегиското деловно работење***, односно недостатокот од менаџерски и маркетинг вештини и знаења и потребата од елиминација или намалување на влијанието на тие причини, што се очекува да доведе до подобри бизнис перформанси и конкурентност на пазарот.
2. Од друга страна – значењето на малиот претприемачки бизнис за развојот на економијата на локално, регионално и национално ниво. (Ова се огледува преку доминацијата на малите претпријатија во **структурата на стопанството, бројот на вработени лица** во истите, учеството во креирање на **БДП и додадената вредност на производството**, придонесот кон **иновациите**, зголемување на **конкурентноста на пазарот** и значењето за **големите бизниси**).

Без оглед, дали се работи за основач на ново претпријатие или за постојно претпријатие кое сака да напредува во работењето, **најголемиот ризик е производство и пласман на производ кој никој не го бара/сака**, затоа што: ***„Пазари кои не постојат, не се грижат за тоа колку сме интелигентни“*** (Marc Andreesen).

## 2. ВИЗИЈА И МИСИЈА

Зголемување на бројот на едуцирани претприемачи од областа на финансиите, менаџментот и маркетингот на локално ниво, кои ќе основаат и развиваат конкурентни претпријатија на пазарот.

Знаењето и вештините на претприемачите ќе се унапредуваат преку бесплатни обуки од посочените области кои ќе базираат на квалитетно теоретско знаење и избрани техники за развој на практични вештини, како и презентирање на студии на случај на успешни претпријатија. Обуките ќе се изведуваат од страна на високо образувани кадри и докажани претприемачи во своите области на делување.

## 3. ЦЕЛИ

### ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ:

1. Зголемување на конкурентноста на локалната заедница преку образование на претприемачите од областите на финасиите, менаџментот и маркетингот;
2. Изготвување на водич за претприемачите од посочените области;
3. Поставување на основите на бизнис инкубатор во општина Штип;
4. Поставување на основите на консултантска канцеларија за претприемачи во општина Штип.

КРАТКОРОЧНИ ЦЕЛИ:

1. Едуцирање на сегашни и идни претприемачи од областа на финасиите во времетраење од 2 месеци;
2. Обуки од областа на менаџментот на сегашни идни претприемачи во времетраење од 2 месеци;
3. Презентирање на техники и развој на вештини на сегашни и идни претприемачи од областа на маркетингот во времетраење од 2 месеци;
4. Проверка на знаењето на претприемачите пред и по завршување на обуките од трите области.

## 4. ПЛАН И ПРОГРАМА

Обуката е предвидено да се реализира преку осум работни часа во времетраење од 2 месеци, односно по еден работен час неделно.

Од областа на финансиите се предвидени вкупно 2 работни часа.

За презентирање на материјата од областа на менаџментот се предвидени вкупно 2 работни часа.

За изложување на материјата која е предвидена да се опфати од областа на маркетингот се предвидени вкупно 3 работни часа.

Дополнителен час е предвиден за извршување на тестирање на пријавените кандидати со цел евалуација на стекнатото знаење и вештини.

## 5. КОНТРОЛА НА СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ И ПРИРАЧНИК ЗА ПРЕТПРИЕМАЧИ

Контролата на стекнатото знаење ќе се утврдува преку тестирање на кандидатите за нивните познавања од посочените области кои ќе бидат предмет на презентација во два наврати - пред почетокот на обуката и веднаш по завршување на обуката, со што ќе се утврди процентуалната разлика во познавањата на кандидатите и евентуалната промена во размислувањата од аспект на претприемништвото.

Прирачникот за претприемачите ќе даде дополнителна вредност на целокупниот проект и ќе им служи на кандидатите кои ја завршиле обуката како понатамошен водич за нивните деловни активности и стратегиско планирање за настап на пазарот, независно на избраната дејност. Истиот ќе биде конципиран од три делови, кои ќе ја разработуваат проблематиката од аспект на финансиите, менаџментот и маркетингот, кои воедно се и основата на самата обука.

## 6. БУЏЕТ

СТАВКИ

1. Опрема за презентација (лаптоп и проектор) – земани од општина Штип
2. Хартија за принтани материјали за кандидатите - земани од општина Штип
3. Освежување за присутните за времетраење на часовите (сок, кафе) - земани од општина Штип.